# Рецензија - „Бродот на творештвото“ е цврсто закотвен

## (Кон 10. Биенале на млади уметници во Музејот на современата уметност)



**Ѓорѓе Јовановиќ со делото „Каде плови овој брод?“**

На 10. Биенале на млади уметници учествуваат десетина автори со дела изработени во текот на последните две години. Изложбата, која е селективна е посветена на „Солидарноста - 50 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје“, конкретна, но и широко поставена тема. Сепак, разгледувајќи ги изложените дела, може да се заклучи дека авторите обработиле мал број теми, потпирајќи се на некои свои преокупации и интересирања. Општ впечаток е дека преовладува употребата на разновидни материјали, концептуализирани дела или искажување со помош на знаци и симболи. Притоа, насликаното платно или обликувачкиот процес не им се толку блиски како компонирање готови предмети или материјали, како и инсталирање елементи во еден ограничен простор.

Станува збор за површно ликовно промислување, поточно за недоволно обмислени или артикулирани идеи, кои се оддалечуваат дури и од поширокиот контекст на основната тема. Нејзините конкретни аспекти им биле туѓи, не се нашле во нивниот фокус на интересирање покрај тоа што за земјотресот и светската помош постои разновиден визуелен материјал, сеќавања и пишани текстови. Може да се почувствува сивиот тон на дела, кои се „повлечени во себе“, давајќи ѝ значење на површината на набележана идеја или акција, кои можат да имаат и крајно воопштени белези. Просторните назначувања и ефекти само го потврдуваат впечатокот на сценографичност со разредени содржини.
Изложбата, со оглед на нејзиниот мал обем, е поставена во главната сала долу и на горното ниво во МСУ. На некои автори им било дозволено да изработат ѕидни слики. Тоа се однесува на алегориската претстава за безумието и дезориентираност на Ѓорѓе Јовановиќ. Делото „Каде плови овој брод?“ е составено од необични поставени (како исечени од карти за играње) фигури со назначени темни точки на композицијата (поставена во „барокен“ брод). На ѕидната слика преовладуваат рамни форми и декоративен ефект изразен со интензивна обоеност и смирувачките сиви површини. Сликарска илузија на испукан вид, во манир на тромп-леј, изработил Дарко Алексовски. Веднаш долу, на подот поставил вримена слика со скршено стакло за да го повлече ефектот на прва последица од земјотрес. („Проект Солидарност 63“). Ана Ивановска компонирала овални исправени форми и во нив внела разновидни елементи и содржини („Солидарност 2013“). Дадена е нагласка на текстурата на текстилот, на декоративниот ефект со поливалентни теми.

Легната „лажица“ во зголемени димензии изложува Ристо Јосифовски-Ромбо. Тоа е скулптура во заверено железо, но и форма со асоцијативни белези. Тоа е можеби единственото дело во кое се чувствува трајноста на материјалот. Марија Сотировска, напротив, дава акцент на идеја предадена во крајно минлив „материјал“ (тоа е скопски ѓеврек со кој публиката може да се послужи). Насловот на концептот е „Почетокот и крајот со едно“ (2013 г.), а формата на ѓеврек може да значи „нула“, како и празен центар одреден со полн облик на периферијата.

Нова Македонија
Like 63,289

Други вести

- Оваа книга предизвикува смеа, а зад себе крие солзи
- Романи и стрипови - инспирација за филмовите во Кан
- Изложба на косовска уметница во „Чифте-амам“
- Срцето на балканските култури ќе пулсира во Париз
- „Атила“ на „Мајските оперски вечери“
- Институтот за македонски јазик го чествува Благоја Корубин
- Господин што се мечува со смеата (5)

Највести

Читани Коментирани Оценувани

1. Македонците ќе влезат во ЕУ, Хрватите не можат во Уставот
2. Зошто Спиро Ристовски е во право
3. „Сè уништи за миг“
4. Влошената состојба во земјите на Западен Балкан (2)
5. Од Тито не остана ништо, може само да симулираме социјализам
6. Психијатри ќе проверуваат дали сведоштвата на децата биле само фантазија

### Коментари и дебати

Гоце Трпковски
**Зошто Спиро Ристовски е во право**

Имаме проблем со работната етика, работната култура, работниот менталитет. Добро е што министерот ја отвора таа тема, но наместо да го прави тоа така што ќе ја искара младината дека е мрзелива, може да го постави прашањето ...

Петар Шкрбина
**Влошената состојба во земјите на Западен Балкан (2)**

Оружените судири во периодот од 1996 година до 1998 година на Косово прераснаа во сериозен оружен конфликт. Српските воени и полициски сили во втората половина од 1998 година успеаја да ја поразат паравоената формација УЧК. ...

Милан Банов
**Во потрага по петтиот човек**

И, впрочем, има ли таков во оваа држава, постои ли човек на кого може да му се подари довербата ако во него не препознаеме свој, можеби и скриен навивач и поддржувач на само нашата вистина; вистина што ќе ги забошотува небитните

...

Печати | Прати ја страницата | Врати се назад

Маргарита Симовска својата тема „Поврзаност“ ја сугерира тивко низ минималистичката форма на „сликата“ - објект поделен на геометриски рамно обоени површини. Кристина Божурска се одлучила за концепт со сосема различен приод и значење. Авторката на под распоредила повеќе коцки (со кои беше поплочен плоштадот во Скопје), а врз нив фиксирала репродукции на дела сопственост на Музејот на современата уметност, кои му беа подарени на разрушениот град. Постигнат е момент на автентичност поврзан со солидарноста на уметниците од светот. Во краткото видео на Софија Грабулоска и Дарко Талески, насловено „Три точки“ (2013 г.), во динамична колажна форма се контрастираат разнородни „слики“ поврзани со градот Скопје. Изложени се концепти што се занимаваат со идејата за времето и за минливите вредности за „крвта“ и значењето на црвената боја итн. Каде плови „бродот на творештвото“? Засега тој е цврсто закотвен и обезличен некаде на дното без импулсот на доживување и виталност.
**(Авторот е ликовен критичар и историчар на уметност)**

Автор: Владимир Величковски

Like 29 Tweet 0 g+1 0 Pin it Share 1

СПОДЕЛИ НА ПИНГ

Веста е прочитана: 179 Оценка: 1,67

Оставете коментар

Правила за објавување на коментарите